Т.4

ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

**За измена на Статутот на Друштвото за трговија, производство, услуги и шпедицијаувоз-извоз ПЕКАБЕСКО АД Кадино,Илинден донесен на 19.11.1998г 19.12.2001г,09.04.2003 г., 30.05.2005г.,12.05.2007г, 24.05.2008г,09.02.2011г,28.04.2011г,21.05.2012 г, 19.11.2012г и 22.06.2018 г**

**Член 1**

Со оваа одлука, се врши измена на Статутот на Друштво за трговија, производство, услуги, шпедиција, увоз-извоз ,,ПЕКАБЕСКО АД", Кадино Илинден со ЕДБ 4030991112554 и ЕМБС 4059867, а истото поради измена на одредби за Одбор на директори.

**Член 2**

Се менува член 47 став 1 од Статутот на Друштво за трговија, производство, услуги, шпедиција, увоз-извоз ,,ПЕКАБЕСКО АД", Кадино Илинден и истиот гласи:

Одборот на Директори го сочинуваат 7 (седум) члена од кои 4 (четири) неизвршни и 3 (три) извршни членови и тоа Прв главен извршен директор , Втор извршен директор, Трет Извршен директор и 1 (еден) независен член од редот на неизвршните членови. Неизвршните членови на Одборот на директори го носат називот Неизвршни директори а извршниот член го носи називот Извршен директор.

**Член 3**

Се менува член 58 став 3 од Статутот на Друштво за трговија, производство, услуги, шпедиција, увоз-извоз ,,ПЕКАБЕСКО АД", Кадино Илинден и истиот гласи:

Вториот извршен директор и Третиот Извршен директор за својата работа одговараат пред Првиот главен извршен директор.

**Член 4**

Оваа Одлука за измена на Статутот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

**Член 5**

Сите останати одредби од Статутот на Друштвото, кои не се изменети со Одлуката за измена на Статутот на Друштвото, остануваат во сила.

**Член 6**

Се овластува Одборот на директорите да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото,најдоцна во рок од 10 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

______________________